# Упатство

По член 36 став 1 точка б од Виенската конвенција за дипломатски односи, Сојузна Република Германија е обврзана, на Ваше барање неодложно да го извести дипломатскоконзуларното претставништво на Вашата матична држава за Вашето лишување од слобода. Известувањето се врши преку суд, јавно обвинителство или преку установа, во која е извршено лишувањето од слобода.

Освен тоа, дипломатското-конзуларно преставништво на Вашата татковина во странство **може**, **доколку дадете дозвола за тоа,** може да ја соопшти и фактичката состојба на која се темели Вашето лишување од слобода. Ваквата дозвола можете во секое време да ја отповикате.

Дополнително, Ви укажуваме на тоа дека помеѓу Сојузна Република Германија и други држави се склучени договори, кои што предвидуваат обврска за известување на дипломатското-конзуларно преставништво во странство и против Ваша волја. Вакви договори моментално постојат со следените држави:

**Доминика, Фиџи, Гренада, Грција, Гвајана, Италија, Јамајка, Лесото, Малави, Малта, Маурициус, Монако, Сиера Леоне, Шпанија*, Свети Китс и Невис, Свети Винсент и Гренадини, Тунис, Обединето Кралство Велика Британија и Северна Ирска (вклучително и Каналските остови, островот Ман и британските прекуокеански територии (Ангила, Бермудски острови, Британси девствени острови, Фокландски острови, Гибралтар, Кајмански острови, Монсерат, Питкернски острови, Света Елена, Вознесение и Тристан да Куња, Туркс и Кајкос)), Кипар.**

Доколку поседувате државјанство на една од овие земји, Вашето дипломатско-конзуларно преставништво во секој случај – и кога тоа не го сакате – од страна на суд, јавното обвинителство или иститутицијата, во која ќе биде извршено лишувањето од слобода, ќе биде известено за Вашето лишување од слобода.

Секако, и Вие лично може да го известите дипломатско-конзуларно преставништво на Вашата матична земја за лишувањето од слобода. Освен тоа, во секое време можете да доставите други информации.

* Во молиме да земете во предвид дека известување по службена должност е можно само тогаш кога не сте во можност самиот да побарате известување од најблиското дипломатско-конзуларно претставништво на Вашата матична земја.